Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. "Македонија" бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk

________________

________________

СКОПЈЕ

Судскиот совет на Република Северна Македонија, постапувајќи по Известувањето за утврдена фактичка состојба бр. од 26.09.2025 година, а во врска со Барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на Ф.Ј.М., судија на ОКС С. бр. од 17.06.2025 година, поднесено од страна на ДР од С., врз основа на чл.63 ст.7 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ" бр.102/19), на седницата одржана на ден 01.10.2025 година, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ ЗАПИРА** постапката по Барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на Ф.Ј.М., судија на ОКС С. бр. од 17.06.2025 година, поднесено од страна на ДР од С.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на ДР од С., доставено е Барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на Ф.Ј.М., судија на ОКС С. бр. од 17.06.2025 година.

Барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судијата Ф.Ј.М., судија на ОКС С. е поднесено за сторени повреди врз основа на чл.74 ст.1 и 3 вв. чл. 75 ст.1 т.4 и вв. чл.76 ст.1 т.7 од Законот за судовите.

Во барањето се наведува дека судијата Ф.Ј.М. била претседател на судечкиот совет во предметот КОК.бр. кој се водел против подносителот на барањето и други. По истиот предмет била поднесена жалба против првостепената пресуда и со одлука на АС С. истиот бил вратен на повторно одлучување, по што бил оформен предмет КОК.бр.

Во текот на судењето по предметот КОК. еден од доказите (УСБ мемориски уред) по вина на обвинителството станал нефункционален. При тоа, судијата ФЈМ, иницирала, дозволила и реализирала тој УСБ мемориски уред да се изнесе од ОКС С и да се даде на лице кое е вработено во ОЈО ГОКК.

Барањето за утврдување на одговорност се поднесува затоа што судијата дала насока за прибирање на материјал без тоа да го побара ниту обвинителството, ниту одбраната, а кој материјал е составен дел и од повторниот предмет КОК.бр. што претставува пречекорување на надлежноста на судијата во постапката што има импликации и врз повторното судење. Судијата надвор од своите овластувања дала наредба за креирање на доказен материјал, кој доказен материјал се наоѓа во тековен предмет кој бил распределен пред друг судечки совет, што го прави целокупното нејзино постапување нестручно, непрофесионално и спротивно на Законот за кривична постапка и Законот за судовите.

Во прилог кон барањето доставени се докази на кои истото се заснова и кои треба да се изведат на расправата.

Од страна на Владата на РСМ со допис бр. од 15.05.2025 година отстапена е претставка на надлежно постапување, со прилог мемориски уред, заведена во Судскиот совет под УПП.бр. од 29.05.2025 година.

Со одлука на Советот од 526-та седница од 23.07.2025 година претставката УПП.бр. од 29.05.2025 година се спојува кон предметот бр. од 17.06.2025 година и се води една постапка.

Во претставката се истакнуваат наводи за заговори за „местење“ на судски одлуки и фалсификување докази помеѓу предметниот судија и јавен обвинител, за што подносителот како доказ приложува мемориски уред со видео материјали од судења, како и решение со кое судијата ФЈМ по барање од страна на оштетениот била изземена од понатамошно постапување во предметот КОК.бр., новооформен како КОК.бр.

Судскиот совет на Република Северна Македонија на 525-та седницата одржана на ден 03.07.2025 година, согласно чл.63 ст.1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, по пат на ждрепка донесе Одлука со која се формира Комисија на известители.

Комисијата на известители формирана со одлука на Советот бр. од 09.07.2025 година по разгледување на предметното барање е согласна дека истото е навремено и целосно, но поради немање на консезус за отфрлање на барањето како очигледно неосновано Комсиијата изготви Известување за утврдена фактичка сосотојба бр. од 26.09.2025 година доставено до Советот.

Ова поради член на Комисијата кој смета дека барањето не е очиглендо неосновано, бидејќи не се однесува на факти кои веќе биле предмет на разгледување од повисок суд во постапка по правен лек или би можеле да бидат предмет на разгледување од повисок суд, но не биле покренати со правен лек.

Смета дека судијата против која е поднесено барањето е изземена од постапување по предметот, а решението за изземање е приложено како доказ во претставката УПП.бр. припоена кон барањето со одлука на Судскиот совет, па како таква треба да се има во предвид, да се ценат наводите од истата при одлучување по барањето.

Судскиот совет во рамките на своите законски надлежности е должен да цени дали е сторена потешка дисциплинска повреда наведена во барањето која се состоела во очигледно прекршување на одредбите на ЗКП на опишаниот начин во барањето, имајќи ги притоа во предвид приложените докази во истото и во претставката по т.I, и дали судијата во случајот постапувала нестручно и несовесно.

Смета дека не може барањето се отфрли како очигледно неосновано, бидејќи подносителот во барањето навел дека предметниот меморискиот уред веќе е предмет на кривична постапка, а уште помалку дека Судскиот совет треба да го отфрли барањето како очигледно неосновано, бидејќи нема правосилна кривична пресуда.

Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 01.10.2025 година расправаше по Известувањето за утврдената фактичка состојба на Комисијата на известители согласно на чл.63 ст.7 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија и одлучи за запирање на постапката.

Советот најде дека предметното барањето се однесува на факти кои во постапка по правен лек ги разгледува и за нив одлучува непосредно повисок суд, како единствено надлежен да ја испитува законитоста на судската одлука.

Имено, Основниот кривичен суд Скопје по предметот КОК.бр. донел пресуда на 06.07.2023 година која во постапка по правен лек изјавен од страна на подносителот пред АС С. била предмет на оцена пред повисок суд. АС С. со пресуда КОКЖ.бр. од 11.07.2024 година жалбата на обвинетиот ДР од С. ја уважува, а пресудата на ОКС С. КОК.бр. од 06.07.2023 година во осудениот дел под став I се укинува и предметот во тој дел се враќа на повторно судење.

Во ОКС С. предметот добива нов КОК.бр. по кој предмет постапува друг судија по основ на решение СУ.ИЗЗ.бр. од 27.09.2024 годин со кое се уважува барањето на подносителот за изземање на судечкиот судија од постапување по предметот.

Во однос на наводите на подносителот кои како главна причина заради кои се бара одговорност на судијата е дека судијата со очигледно прекршување на одредбите од ЗКП сторил повреда по чл.75 ст.1 т.4 и чл.76 ст.1 т.7 од Законот за судови на начин што прибира доказен материјал - (усб мемориски уред) доставен во прилог на предметната претставка, а кој како доказен материјал се наоѓа и во тековениот предмет КОК.бр. пред ОКС С., Советот го имаше предвид чл.11 од Законот за судови каде судијата одлучува врз основна на слободна оцена на доказите, а кој доказ во конкретниот случај бил ценет и во рамки на изјавен правен лек.

Во смисла на наведеното предметното барање се однесува на факти кои се предмет на разгледување од повисок суд во рамки на постапување по правен лек согласно одредбата од чл.63 ст.4 ал.3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Предвид наведеното, Судскиот совет на Република Северна Македонија донесе одлука како во диспозитивот.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**м-р Александар Камбовски**

**ДН:**
-подносител
-архива